аутомакедонија

Аутомакедонија АД Скопје
16 Мак. бригада Бр. 2, Скопје, Македонија
Тел: +389 2 3103 150, +389 2 3103 150
automak@automakedonija.com.mk
www.automakedonija.com.mk

16.08.2021, Скопје

**До: МАКЕДОНСКА БЕРЗА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ**

**Предмет: ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПРЕЗЕНТИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**
**Финансиски извештаи – консолидирани, неревидирани (01.01.2021 – 30.06.2021)**

Во првата половина од 2021 година не се направени промени на сметководствените политики во компаниите во Групацијата Аутомакедонија АД која се состои од следните компании во консолидација:

| **Година** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| **Друштва во консолидација** | **% на мнозинските акционери** | **% на мнозинските акционери** |
| *АУТОМАКЕДОНИЈА АД* | матично друштво | матично друштво |
| *АМ ЦЕРТ ДООЕЛ* | 100.00% | 100.00% |
| *АМ БРОКЕР АД* | 40.00% | 40.00% |
| *СИЦ БИТОЛА* | 100.00% | 100.00% |
| *АУТО ОНЕ* | 0.00% | 100.00% |
| *АУТО 1 РЕНТ* | 100.00% | 100.00% |

**Биланс на успех**

**Групацијата АУТОМАКЕДОНИЈА** во првата половина од 2021 година (01.01.2021 – 30.06.2021) прикажа консолидирана нето добивка во износ од 9.5 милиони денари, пораст од 13% во однос на 2020 година.

Истата е резултат на оперативното работење, зголемена оперативна добивка за 21%, преку зголемени приходи за 25% во однос на 2020 година. Следствено и набавната вредност на продадени производи ја следи динамиката на приходите, додека сите останати трошоци на работењето се намалени за 8% во споредба со минатата година.

**Биланс на состојба**

**Групацијата АУТОМАКЕДОНИЈА** во првата половина од 2021 година спроведе оптимизирање на структурата на залихи на производи и наплата , намалување на побарувањата од купувачите што директно се ефектурира во паричниот тек – позитивен од оперативното работење.

Воедно спроведовме намалување на кредитната задолженост преку враќање на краткорочни и долгорочни кредити во износ од 53 мил денари со намалување на краткорочните и долгорочните обврски за кредити и намалување на коефициентот на задолженост

Инвестиции во овој период од поголем обем не се спроведени

**Аутомакедонија АД Скопје**